ИСОС
ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ
СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0202/008
18.01 202 4 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 20, од Законот за вршење на сметководствени работи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.173/22), а во врска со член член 27 став 3 точка 39 од Статутот на Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија, Управниот одбор на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија, на седницата одржана на 18.01.2024 година донесе

**ОДЛУКА**
**за измена на Правилник за начин и постапка за добивање на уверение за сметководител и овластен сметководител и упис во регистар**

Член 1

Со оваа Одлука СЕ ВРШИ ИЗМЕНА на Правилникот за начин и постапка за добивање на уверение за сметководител и овластен сметководител и упис во регистар на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија број 0202/366 од 29.06.2023 година.

Член 2

Поради измена на називот на Институтот, како и промената на Статутот и донесувањето на нов пречитен текст на Статутот на Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија се врши измена во Преамбулата на Правилникот за начин и постапка за добивање на уверение за сметководител и овластен сметководител и упис во регистар на начин што во називот се додава зборот “Северна”, а зборовите “Врз основа на член 27 став 3 точка 38 од Статутот на Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија” се менуваат со зборовите “Врз основа на член 27 став 3 точка 39 од Статутот на Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија”.

Член 3

Поради измена на називот на Институтот, се врши усогласување на целосниот текст на Правилникот и зборовите “Република Македонија” се заменуваат со “Република Северна Македонија”.

Член 4

Поради технички пропуст се врши исправка на член 13 став 2 од Правилникот за начин и постапка за добивање на уверение за сметководител и овластен сметководител и упис во регистар на начин што во член 13 став 2 зборовите “член

11 став 2" СЕ МЕНУВААТ со "член 12 став 2", додека зборовите "*може да биде вработен и на скратено работ*" СЕ БРИШАТ, па во иднина одредбата ќе гласи:

Член 13

(1) Подносител на барање за издавање на лиценца за работа на трговецот поединец-сметководител и трговецот поединец-овластен сметководител може да биде единствено трговец поединец на чие име гласи фирмата (овластеното лице), додека подносител на барање за издавање на лиценца за работа на трговско друштво може да биде само управителот на трговското друштво.

(2) Подносител на барањето за издавање на лиценца за работа на трговецот поединец-сметководител и трговецот поединец-овластен сметководител односно трговско друштво, должен е покрај доказите од член 12 став 2) од овој Правилник да достави и доказ дека подносителот на барањето е вработен со полно работно време во трговецот поединец односно трговското друштво.

Член 5

ДА СЕ ИЗГОТВИ Пречистен текст на Правилник за начин и постапка за добивање на уверение за сметководител и овластен сметководител и упис во регистар.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Претседател на УО**

**Весна Прентоска**

ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ ИСОС